Бр./Nr 12-1444/4
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1444/1 од 19.04.2024 година, оформен по пријава со наводи за непостапување на надлежни органи по поднесена кривична пријава против овластен општински градежен инспектор, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за истиот постапува друг орган - ---- -------, пред кој постапката е во тек и не е донесена одлука од негова надлежност.

Предметот со број 12-1444/1 од 19.04.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 19.04.2024 година, доставена е пријава по која е оформен предмет заведен под архивски број 12-1444/1 од 19.04.2024 година. Во пријавата се изнесени наводи за непостапување на надлежни органи по поднесена кривична пријава против овластен општински градежен инспектор за сомневање за можна злоупотреба на службена положба при донесени решенија за отстранување на градба без претходно издадени одобренија за градење. Станува збор за пријавен случај за бесправно градење од страна на правно лице - ----------------------------------. При разгледување на предметните наводи ДКСК дојде до сознание дека за случајот била поднесена кривична пријава до повеќе институции, а исто така за овој случај постапил и друг орган кој е надлежен да

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапува од обласа - Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ - кој постапувајќи по предметната пријава до Основното јавно обвинителство во -------- доставил барање за поведување кривична постапка против правното лице наведено во пријавата.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Основното јавно обвинителство -------- да достави целосна информација за тоа во која фаза се наоѓа постапувањето по предметот, како и да се достави копија од евентуално донесената јавно обвинителска одлука или друг акт од надлежност на ова Обвинителство.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација ДКСК констатира дека ОЈО -------- оформил предмет по претходно поднесено барање на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за поведување кривична постапка против правното лице „---------------------------------, за кривично дело - Бесправно градење од член 244-а од Кривичниот законик. ОЈО -------- во текот на своето постапување и проучување на списите во предметот утврдило дека бесправно изградените објекти се изградени на подрачјето на Општина ---------- од страна на пријавеното правно лице каде што се наоѓало седиштето на истото, за кое што подрачје надлежно да постапува е тамошното обвинителство и во смисла на член 26 став 1 и член 510 став 1 од Законот за Кривична постапка на 27.08.2020 година, списите на предметот доставени се на надлежно постапување на Основно јавно обвинителство – -----------.

Врз основа на сето горе наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапува друг орган - ОЈО -------- каде постапката по предметот е во тек и не е донесена одлука од негова надлежност, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување за овој случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до: - подносителот на пријавата